Оливер Цацков
Анита Илиева Николовска

# МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ НИЗ ФОТОГРАФИИ (1915 – 1918)



Штип, 2023

Оливер Цацков
Анита Илиева Николовска

# МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ НИЗ ФОТОГРАФИИ
## (1915 – 1918)

– микроисторија –

Штип, 2023

# ПРЕДГОВОР

Оваа наша најнова книга, или попрво албум, со непретенциозен наслов *Македонскиот фронт низ фотографии (1915 – 1918)*, претставува логично продолжение на она што беше наш примарен научноистражувачки фокус во изминатите две години – микро и макро историско истражување и (пре)откривање на периодот на Големата војна и особено случувањата на Македонскиот фронт. Оттука, не само заради годината на издавање и техничкото обликување и формат, таа треба да се смета за интегрален дел од заокружената целина во којашто се опфатени нашите претходни две книги: *Лексикон на Македонскиот фронт (1915 – 1918)* и *25-от час на Македонскиот фронт (1915 – 1918)*, како и учебникот *Балканските војни и Првата светска војна* (Штип, 2022), наменет за студентите од групата Историја со археологија при универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип.

Иако во предговорите, вообичаено не се искажуваат лични авторски впечатоци и мислења, во смисла што во нив примарно се даваат објаснувања и податоци што овозможуваат полесно да се чита и да се разбере главната содржина на книгата, ја користиме оваа прилика да го изделиме она што нас како автори, особено нѐ радува.

Општ впечаток е дека илустрирани книги, всушност се прават мошне лесно, но она што за нас претставуваше голем предизвик и што беше наша единствена цел, е да се направи илустрирана книга, составена исклучиво од авторски фотографии – амбиција којашто, во услови на крајно ограничени технички и материјални средства, воопшто не е лесно остварлива. Затоа, со гордост нагласуваме дека од вкупниот број застапени фотографии во оваа книга, којшто изнесува над 150, повеќе од 95% се оригинални, а фотографии од други автори и извори се користени само на оние места каде што сметавме дека споредбата може да биде интересна или полезна.

Илустративниот материјал во оваа книга е поделен во неколку, условно наречени поглавја, почнувајќи од Солун или почетокот на Големата војна, и завршувајќи со случувањата на територијата на Источна и Централна Македонија, каде што е практично крајот на војната. Се разбира, најголемо внимание е посветено на двете клучни жаришта на Македонскиот фронт – дојранскиот и битолскиот сектор, односно Кајмакчалан.

Она што особено треба да се има предвид е дека оваа книга се занимава со микроисторијата – со она минато што е тука, коешто не е нешто отаде нас туку е тука, пред нас. Затоа во неа, времето не е бездна што непремостиво го дели минатото и сегашното, туку времето е носечка основа на настанувањата, во коешто се вкоренува сегашното. Во него се сосредоточува и седиментира сето што постоело и опстојало, сето што било и што е, на една иста територија.

Нема сомнение дека ние ѝ припаѓаме на историјата, но и историјата ни припаѓа нам.

Отвореноста кон она што било и минатото е битна одредница да се посредува минатото во сегашнината, и според нашето длабоко убедување, да ѝ се даде смисла на современата историска литература.

Затоа, оваа книга не е ништо друго туку стопување на хоризонтот на минатото и сегашното, нивно меѓусебно проникнување, бидејќи минатото не е само нешто што било и нешто што сега повеќе не е, туку нешто што токму сега е. Поедноставно кажано – нашава книга ја сфаќаме како историско осегашнување на еден период којшто остави толку длабоки траги на нашава почва.

Се надеваме дека, земена во целост, оваа, како и нашите претходни две книги, ќе дадат еден нов и поинаков аспект на Македонскиот фронт. Наспроти доминантниот сувопарен историски позитивизам, тие нудат нова историска свест, длабоко натопена со човечкиот трагизам, виден и забележан од и низ историското сведоштво, за остатоците од оние историски и крвави македонски дни и ноќи од првата декада на 20-тиот век, на она што се случувало тука пред повеќе од сто години, а коешто е како ретко кој историски чин, сестрано објаснето и расветлено, особено во странската историска наука.

Оттука, за нас, одговорот на прашањето: *Зошто* една ваква книга, постои ли уште нешто ново што не е согледано и откриено во богатата историографска литература за периодот на Големата војна и особено за Македонскиот фронт, е мошне едноставен и бездруго афирмативен.

*Штип – Скопје, октомври 2023*

Авторите

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

94(100)”1914/1918”(084.12)
355.48(497.7)”1915/1918”(084.12)

ЦАЦКОВ, Оливер
Македонскиот фронт низ фотографии : (1915 – 1918) : микроисторија /
Оливер Цацков, Анита Илиева Николовска. - Штип : НУУБ „Гоце Делчев“ –
Штип, 2023. - 119 стр. : фотографии ; 13x17 см

Библиографија: стр. 118-119

ISBN 978-608-242-149-0

1. Илиева Николовска, Анита [автор]
а) Прва светска војна, 1914-1918 -- Македонски фронт -- 1915-1918 --
Фотомонографии

COBISS.MK-ID 62339333

д-р Оливер Цацков
д-р Анита Илиева Николовска

МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ НИЗ ФОТОГРАФИИ
(1915 –1918)

Издавач
НУУБ „Гоце Делчев“ – Штип

Уредници
Оливер Цацков
Анита Илиева Николовска

Лектура
Бранкица Јовева

Илустратор
Оливер Цацков

Компјутерска подготовка
Анита Илиева Николовска

Печат
„Клонинг“ – Штип

Тираж
100